Здружение за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ - ЗАЕДНО ПОСИЛНИ
Бр. 0501-02
21.8 2020 год.
СКОПЈЕ

Друштво за ревизија
ЕФЕКТ-ПЛУС ДООЕЛ
Бр. 08-14/4
21.08 2020 год.
СКОПЈЕ

Здружение за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ – ЗАЕДНО ПОСИЛНИ Скопје

# Финансиски извештаи и извештај на независните ревизори

ЗА ГОДИНАТА ШТО ЗАВРШУВА НА 31.12.2019 ГОДИНА

Август, 2020

## Содржина

Извештај на независниот ревизор ..... 2
БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ..... 4
БИЛАНС НА СОСТОЈБА..... 5
БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ..... 6
1 ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ..... 6
2 ОСНОВИ ЗА ПОДГОТОВКА ..... 7
3 ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ ..... 7
4 ПРИХОДИ ОД ДОНАЦИИ ..... 10
5 ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ ..... 11
6 МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ И УСЛУГИ..... 11
7 ДРУГИ РАСХОДИ..... 11
8 ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА ..... 12
9 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ..... 12
10 ПРЕНЕСЕНИ СРЕДСТВА НА ДРУГИ СУБЈЕКТИ ..... 12
11 ОПРЕМА ..... 12
12 ПАРИЧНИ СРЕДСТВА ..... 13
13 ОСТАНАТИ ПОБАРУВАЊА ..... 13
14 АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА ..... 13
15 ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ..... 13
16 ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА..... 13
17 НАСТАНИ ПО ДАТУМОТ НА БИЛАНСОТ НА СОСТОЈБА ..... 13
Завршна сметка ..... 14

Раководството, управниот одбор и собранието на

Здружение за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ – ЗАЕДНО ПОСИЛНИ Скопје

## Извештај на независниот ревизор

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Здружението за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ – ЗАЕДНО ПОСИЛНИ Скопје, кои вклучуваат биланс на состојбата на ден 31.12.2019 година и билансот на приходи и расходи за периодот кој што завршува на тој ден и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

**Одговорност на менаџментот за финансиските извештаи**

Менаџментот е одговорен за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиски извештаи коишто се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

**Одговорност на ревизорот**

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија прифатени и објавени во Службен весник на Република Северна Македонија бр. 79 од 11 јуни 2010 година. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на ентитетот за да обликува ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на ентитетот. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

***Мислење***

Според нашето мислење, финансиските извештаи во сите значајни аспекти даваат вистинита и објективна слика за финансиската состојба на 31.12.2019 година, и приходите и расходите за годината која завршува на тој ден во согласност со Законот за сметководство за непрофитни организации во Република Северна Македонија.

***Останати прашања***

Споредбените информации – кореспондирачките податоци за претходниот период, 2018 година, не се ревидирани ниту од нас ниту од друг ревизор.

***Извештај за други правни и регулаторни барања***

Раководството е одговорно за изготвување на годишната сметка.

Согласно член 34 (д) од Законот за ревизија и согласно МСР 720 - Одговорност на ревизорот во врска со други информации во документите кои содржат ревидирани финансиски извештаи, наша одговорност е да изразиме мислење во врска со конзистентноста со годишната сметка за истата деловна година.

Според наше мислење годишната сметка за годината која завршува на 31.12.2019 година е конзистентна во сите материјални аспекти со финансиските информации обелоденети во ревидираните финансиски извештаи за истиот период.

Скопје, 17.08.2020 година

За Ефект плус Скопје

Овластен ревизор кој ја вршел ревизијата

Миов Николаки

Друштво за ревизија ЕФЕКТ-ПЛУС ДООЕЛ СКОПЈЕ

Управител

Кристина Тилиќ

*Ефект Плус е членка на PKF International Limited, мрежа на законски независни фирми и не прифаќа никаква одговорност или обврска за дејствијата или воздржувањето од дејствија на која било поединечна членка или кореспондентна фирма или фирми.*

## ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ЗА ГОДИНАТА КОЈА ЗАВРШУВА НА 31.12.2019 ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ПОДДРШКА НА ЛУЃЕТО ШТО ЖИВЕАТ СО ХИВ - ЗАЕДНО ПОСИЛНИ СКОПЈЕ

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

| | белешки | 2019 во денари | 2018 во денари |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | **11.347.206** | **8.758.822** |
| Приходи од донации | (4) | 10.079.496 | 8.118.759 |
| Финансиски приходи | (5) | 14.251 | - |
| Други приходи | | - | 31.304 |
| Пренесен дел од вишокот на приходи | | 1.253.459 | 608.759 |
| **Расходи** | | **(8.953.135)** | **(7.504.955)** |
| Материјални расходи и услуги | (6) | (1.535.331) | (1.144.586) |
| Други расходи | (7) | (1.874.113) | (2.765.565) |
| Плати и надоместоци од плати | (8) | (2.774.978) | (2.573.670) |
| Капитални расходи | (9) | (24.662) | (53.391) |
| Пренесени средства на други субјекти | (10) | (2.744.051) | (967.743) |
| **Приходи над расходи пред данок од добивка** | | **2.394.071** | **1.253.867** |
| Данок од добивка | | - | (408) |
| **Непокриени расходи/ Нето приходи над расходи** | | **2.394.071** | **1.253.459** |

Финанските извештаи се одобрени од страна на Раководството на Здружението на ден 28.02.2020 година.

За Здружение за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ – ЗАЕДНО ПОСИЛНИ Скопје

*Белешките се составен дел на финансиските извештаи.*

# БИЛАНС НА СОСТОЈБА

| | белешки | 2019 во денари | 2018 во денари |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Нетековни средства** | | **242.765** | **303.698** |
| Недвижности, постројки и опрема | (11) | 242.765 | 303.698 |
| **Тековни средства** | | **2.395.529** | **1.257.037** |
| Парични средства | (12) | 2.379.588 | 1.241.118 |
| Останати побарувања | (13) | 516 | 494 |
| Активни временски разграничувања | (14) | 15.425 | 15.425 |
| **Вкупно средства** | | **2.638.294** | **1.560.735** |
| **КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | | |
| **Извори на средства (фондови)** | | **242.765** | **303.698** |
| Деловен фонд | | 242.765 | 303.698 |
| **Тековни обврски** | | **1.458** | **3.578** |
| Обврски спрема добавувачи | (15) | 1.458 | 3.557 |
| Обврски спрема државата | | 0 | 21 |
| **Пасивни временски разграничувања** | (16) | **2.394.071** | **1.253.459** |
| **Вкупно извори на средства и обврски** | | **2.638.294** | **1.560.735** |

За Здружение за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ-ЗАЕДНО ПОСИЛНИ Скопје

Здружение за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ ЗАЕДНО ПОСИЛНИ Скопје

*Белешките се составен дел на финансиските извештаи.*

# БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

## 1 ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

***Општи податоци***

Целосен назив на субјектот: Здружение за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ – ЗАЕДНО ПОСИЛНИ Скопје
Седиште: Васко Карајанов бр.2/4 Скопје
ЕДБ : 4080013541173
ЕМБС : 6921035
Овластени лица: Кире Благоески и Андреј Сених
Основачи: Елмаз Ариф, Румена Крастовска, Нинослав Младеновиќ, Иван Домазетовски, Кире Благоески, Сафет Ахмед, Сузана Петкова, Андреј Сених, Лилјана Андова и Елизабета Божиноска
Претежна дејност: 94.99 - Дејности на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место
Организационен облик: Општествени организации, фондации и здружение на граѓани
Датум на основање: 05.10.2013

***Раководство***

Согласно Статутот, органите на Здружението се:

- Собранието,
- Претседател
- Управниот Одбор и
- Извршен директор

Здружението со своето делување настојува да ги оствари следниве специфични цели:
- Зајакнување на луѓето што живеат со ХИВ за да можат да се справуваат со предизвиците што ги носат здравствените и социјалните аспекти на ХИВ инфекцијата;
- Искоренување на стигмата и дискриминацијата кон луѓето што живеат со ХИВ и оние што на друг начин се засегнати од ХИВ во сите сегменти на општественото живеење;
- Обезбедување самопомош, меѓусебна поддршка, солидарност, грижа и надворешна поддршка за луѓето што живеат со ХИВ и нивните блиски;
- Обезбедување квалитетен и достоинствен живот за луѓето што живеат со ХИВ;
- Обезбедување поголемо учество на луѓето со ХИВ во решавањето на сите прашања што ги засегаат, во согласност со Денверските принципи од 1983 година, меѓународно признаениот принцип GIPA од 1994 година, како и во согласност со целокупната светска традиција на активизмот на луѓето со ХИВ и СИДА во борбата за човекови права, за изнаоѓање и усовршување на терапиите и лекувањето и за универзален пристап до нив;
- Подобрување на квалитетот и достапноста на расположливите здравствени услуги и сервиси за луѓето што живеат со ХИВ;
- Обезбедување навремен и континуиран пристап до современа и квалитетна антиретровирусна терапија и сеопфатно лекување и здравствена нега за луѓето што живеат со ХИВ, во согласност со најсовремените достигнувања на науката;
- Унапредување и заштита на граѓанските, здравствените, сексуалните и репродуктивните права, како и останатите човекови права на луѓето што живеат со ХИВ во сите сегменти на општественото живеење.

## 2 ОСНОВИ ЗА ПОДГОТОВКА

Финансиските извештаи се подготвени во согласност со Законот за сметководство за непрофитни организации и Правилникот за сметководството за непрофитните организации.

Финансиските извештаи се засновани на сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени односно трансакции и на претпоставката за континуитет. Финансиските извештаи се подготвени во согласност со усвоените сметководствени политики обелоденети во белешката три.

Функционална валута на Здружението е македонскиот денар.

Финансиските извештаи се прикажани во македонски денари и се изготвени врз основа на податоците од работењето за годината која завршува на 31.12.2019 година.

## 3 ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Основните сметководствени политики применети при составувањето на овие финансиските извештаи се следните:

### 3.1 Признавање на приходи

Приходите се признаваат според сметководственото начелото на модифицирано настанување на деловни промени односно трансакции. Приходите се мерливи кога можат да се искажат вредносно. Приходите се расположиви кога се остварени во пресметковниот период или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот периодот под услов приходите да се однесуваат на пресметковниот период и служат за покритие на обврските од тој пресметковен период.

Приходите од камати се признаваат соодветно на времето кое што го рефлектира ефективниот принос на средства.

### 3.2 Признавање на расходи

Расходите се признаваат според сметководственото начелото на модифицирано настанување на деловни промени односно трансакции, односно се признаваат во пресметковниот период во кој што настанале или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период под услов обврската за плаќање да настанала во тој пресметковен период.

Расходите за камати кои настануваат во врска со позајмувањето на средства или кредитирање од страна на други субјекти се признаваат во периодот во кој настануваат и за кои се однесуваат.

Непрофитните организации пресметуваат годишен данок на вкупен приход на приходи остварени од стопанска дејност намалени за 1 милион денари, по стапка од 1%

### 3.3 Капитални расходи

Капиталните расходи се признаваат кога набавените средства ја зголемуваат очекуваната идна економска полезност од нематеријалните средства. Капиталните расходи се евидентираат кога се набавуваат фиксни средства или истите се доработуваат со што се додава вредност на веќе постоечките фиксни средства. Истите се евидентираат како средство во билансот и се евидентираат во деловниот фонд на Здружението.

## 3.4 Пресметување на странски средства за плаќање и сметководствен третман на курсните разлики

Пресметка на сите побарувања и обврски во странски средства за плаќање во нивната денарска противвредност, се извршува по средниот курс важечки на денот на билансот на состојба.

Позитивните и негативните курсни разлики што настанале со пресметка на побарувањата и обврските во странски средства за плаќање во нивната денарска противвредност се искажани во билансот на успех како приходи, односно расходи од финансирање во годината на која се однесуваат.

Вредноста на користените странски валути на 31.12.2019 е следна

| Валута | 2019 МКД | 2018 МКД |
|---|---|---|
| 1 ЕУР | 61,4856 | 61,4950 |

## 3.5 Недвижности, постројки и опрема

Едно средство се признава како опрема кога е сигурно дека субјектот го поседува истото и дека од него ќе остварува идни економски користи и кога трошоците за негово стекнување можат објективно да се измерат.

Набавната вредност на едно средство ја сочинуваат трошоците за негово стекнување, во кои влегуваат:

- фактурна вредност на средството (намалена за евентуалните попусти и рабати);
- царините и даноците при неговата набавка;
- трошоци за подготвување на местото;
- иницијални трошоци во врска со испорака и ракување;
- трошоци на монтажа и
- надомести на експерти поврзани со средството.

Опремата тековно се вреднува според набавна, историска вредност, намалена за акумулираната амортизација и оштетување на средствата. Трошоците за тековно и инвестиционо одржување се искажуваат во рамките на административни и трошоци на продажба. Во случај на расходување или отуѓување на средствата, нивната неамортизирана вредност се искажува во рамките на останати расходи. Вредноста на средствата до 100 евра во денарска противвредност се евидентира како ситен инвентар.

Пресметката на амортизација е според праволиниска метода на отпис според пропишаните годишни стапки на амортизација за 2019 година се следните:

| Опис | 2019 | 2018 |
|---|---|---|
| Компјутери и останата опрема | 14-20% | 14-20% |
| Мебел | 20% | 20% |

## 3.6 Побарувања

Побарувањата се признаваат според пресметаните износи согласно законските прописи.

## 3.7 Пари и парични еквиваленти

Парите и паричните еквиваленти се состојат од паричните средства во благајна, на трансакциски сметки, до тримесечни депозити во банки, паричните средства во благајната и на сметките во домашна валута се прикажуваат во номинален износ, а во странска валута во денари според курсот на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на билансирањето.

## 3.8 Обврски кон добавувачи и останати обврски

Обврските кон добавувачи и останатите обврски се искажуваат во висина на номиналните износи што произлегуваат од деловните трансакции.

## 3.9 Фондови и резерви

Фондовите претставува сопствени трајни извори на средства за работење на Здружението, кој ги опфаќа иницијалните, како и дополнително вложените средства. Акумулираната добивка се искажува издвоено од капиталот и ги опфаќа сите нераспоредени добивки до денот на билансот на состојба. Непокриената загуба се искажува издвоено од капиталот и ги опфаќа сите непокриени загуби до денот на билансот на состојба.

## 3.10 Придонеси за пензиско-инвалидско осигурување и обврски по основ на престанок на работниот однос

Здружението врши уплата на придонесите за пензинско и инвалидско осигурување на вработените во согласност со домашната законска регулатива. Придонесите, засновани на платите на вработените, се уплатуваат во националниот фонд и преку него до приватни пензиски фондови за поедини вработени. Здружението нема никакви дополнителни обврски поврзани со плаќањето на овие придонеси.

Здружението е обврзано да им исплати на вработените кои заминуваат во пензија минимална отпремнина која одговара на двемесечни просечни плати исплатени во државата во моментот на пензионирање. Здружението нема направено резервирање за ова право на вработените бидејќи се смета дека сумата е незначајна за финансиските извештаи и веројатноста за нивно настанување во моментов е мала.

# 4 ПРИХОДИ ОД ДОНАЦИИ

Во тековната година Здружението има остварено приходи врз основа на донации во износ од 10.079.496 денари. (2018: 8.118.759 денари).

Приходите по донатори се распределени во следната табела:

(во денари)

| Донатор | 2019 |
|---|---|
| Меѓународна добротворна фондација "Алијанса за Јавно здравје" Украина | 3.778.989 |
| Евроазиска коалиција за машко здравје | 2.830.238 |
| Министерство за здравство на РМ | 1.504.722 |
| Фондација отворено општество Македонија | 1.326.812 |
| Светска здравствена организација | 262.770 |
| Deutsche aids - Hilfe E.V.Wilhelmstr, Berlin | 195.795 |
| Тиме то травел Скопје | 53.732 |
| Здружение Хорус | 42.910 |
| Асоцијација за здравствена едукација и истражување Хера Скопје | 20.000 |
| Вебспот Доо Скопје | 3.395 |
| Други | 60.133 |
| **Вкупно** | **10.079.496** |

Здружението врши имплементација на следните договори:

| Донатор | Назив на проект | Период на имплементација на проект | Износ на донација по договор |
|---|---|---|---|
| Меѓународна добротворна фондација "Алијанса за Јавно здравје" Украина | Одржливост на услугите за клучните популации во регионот на Источна Европа и Централна Азија | 01.04.2019-31.12.2021 | 239.941,00 USD |
| Евроазиска коалиција за машко здравје | Право на здравје: Акции на заедницата за зголемување на пристапот од МСМ и трансродовите лица до услуги за ХИВ во Централна и Источна Европа и Централна Азија | 01.02.2017-31.12.2019 | 139.301,00 € |
| Министерство за здравство на РМ | Позитивна превенција и психосоцијална поддршка кај лицата со ХИВ и нивните партнери со превенција кај МСМ | 31.01.2019-31.12.2019 | 1.697.200,00 ден |
| Фондација отворено општество Македонија | Одговорна транзиција од финансиска поддршка на Глобалниот фонд кон одржливо финансирање на програмите за ХИВ превенција од националниот буџет | 01.11.2016-31.01.2020 | 117.760,00 USD |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Deutsche aids - Hilfe E.V, Berlin | Европски правен форум за ХИВ - Луѓе во затвор и други затворени услови | 01.09.2018-31.12.2019 | 4.000,00 € |
| Светска Здравствена организација | Проценка на стратегиите и системите за превенција на ХИВ и грижата за ХИВ и подобри интервенции за опфат на МСМ во МКД | 08.11.2018-31.12.2018 | 263.300,00 ден |

## 5 ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ

Во тековната година Здружението има остварено приходи од камати и позитивни курсни разлики во износ од 14.251 денари (2018: нема).

## 6 МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ И УСЛУГИ

(во денари)

| Опис | 2019 | 2018 |
|---|---|---|
| Потрошени материјали | 207.467 | 197.089 |
| Потрошена енергија | 69.627 | 76.945 |
| Други услуги | 733.961 | 524.683 |
| Превозни-транспортни услуги | 129.860 | 84.842 |
| Реклама, пропаганда и репрезентација | 155.637 | 0 |
| Наемнини | 238.779 | 261.027 |
| **Вкупно** | **1.535.331** | **1.144.586** |

## 7 ДРУГИ РАСХОДИ

(во денари)

| Опис | 2019 | 2018 |
|---|---|---|
| Провизија за платен промет | 63.429 | 52.519 |
| Дневници за службени патувања и патни трошоци | 145.997 | 432.508 |
| Интелектуални и други услуги | 1.467.334 | 2.018.281 |
| Негативни курсни разлики | 2.001 | 4.776 |
| Останати други расходи | 4.487 | 0 |
| Донации и помошти на физички лица | 83.853 | 164.010 |
| Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот | 107.012 | 93.471 |
| **Вкупно** | **1.874.113** | **2.765.565** |

Во интелектуални и други услуги се вклучени трошоците за услуги од надворешно ангажирани лица, трошоците за сметководствени услуги, трошоци за дизајн и графичка адаптација и услуги за снимање, монтажа и изработка на видеа и сл.

## 8 ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА

Износот на вкалкуллирани плати за 2019 година изнесува 2.774.978 денари (2018: 2.573.670 денари)

Во Здружението бројот на вработени на 31.12.2019 е 6 лица (2018: 6 лица).

## 9 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ

Во тековната година Здружението има набавено мебел во износ од 24.662 денари (2018: 53.391 денари).

## 10 ПРЕНЕСЕНИ СРЕДСТВА НА ДРУГИ СУБЈЕКТИ

Здружението во текот на 2019 година има пренесено средства на други субјекти во износ од 2.744.051 денари (2018: 967.743 денари).

Пренесените средства се однесуваат на следниве здруженија:

(во денари)

| Комитент | 2019 |
|---|---|
| Здружение на граѓани Еднаквост за геј и лезбејќи - Егал Скопје | 456.351 |
| Асоцијација за здравствена едукација и истражување Хера Скопје | 973.784 |
| Здружение за поддршка на маргинализирани работници Стар-Стар Скопје | 667.700 |
| Здружение Хопс - Опции за здрав живот Скопје | 646.216 |
| **Вкупно** | **2.744.051** |

## 11 ОПРЕМА

Почетната состојба, промените во текот на 2019 година и состојбата на нетековните средства на 31.12.2019 е следна:

(во денари)

| Опис | Опрема |
|---|---|
| <u>**Набавна вредност**</u> | |
| Состојба со 01.01.2019 | 361.420 |
| Зголемувања во текот на годината | 24.662 |
| Ревалоризација | 3.209 |
| **Состојба со 31.12.2019** | **389.291** |
| Состојба со 01.01.2018 | 307.966 |
| Зголемувања во текот на годината | 53.454 |
| **Состојба со 31.12.2018** | **361.420** |
| | |
| <u>**Акумулирана исправка на вредноста**</u> | |
| Состојба со 01.01.2019 | 57.722 |
| Трошок за годината-аморт. | 87.526 |
| Ревалоризација | 1.278 |
| **Состојба со 31.12.2019** | **146.526** |
| Состојба со 01.01.2018 | 28.753 |
| Трошок за годината-аморт. | 28.969 |
| **Состојба со 31.12.2018** | **57.722** |
| | |
| **Состојба со 31.12.2019** | **242.765** |
| **Состојба со 31.12.2018** | **303.698** |

## 12 ПАРИЧНИ СРЕДСТВА

(во денари)

| Опис | 2019 | 2018 |
|---|---|---|
| Жиро сметки | 2.362.978 | 1.164.502 |
| Девизна сметка | 14.030 | 58.626 |
| Благајна | 2.580 | 17.990 |
| **Вкупно** | **2.379.588** | **1.241.118** |

## 13 ОСТАНАТИ ПОБАРУВАЊА

(во денари)

| Опис | 2019 | 2018 |
|---|---|---|
| Побарувања за повеќе платен данок на добивка | 516 | 494 |
| **Вкупно** | **516** | **494** |

## 14 АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА

(во денари)

| Опис | 2019 | 2018 |
|---|---|---|
| Депозит за кирија | 15.425 | 15.425 |
| **Вкупно** | **15.425** | **15.425** |

## 15 ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ

Обврските кон добавувачи на 31.12.2019 изнесуваат 1.458 денари (2018: 3.557 денари)

## 16 ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА

Со 31.12.2019 Здружението има вишок за пренос во наредна година во износ од 2.394.071 денари (2018: 1.253.459 денари).

## 17 НАСТАНИ ПО ДАТУМОТ НА БИЛАНСОТ НА СОСТОЈБА

Нема настани по датумот на билансот на состојба кои треба да бидат обелоденети во овие финансиски извештаи.

## Завршна сметка

Контролор

Период

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 0 | 6 | 9 | 2 | 1 | 0 | 3 | 5 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 6 | 7 | 0 | 1 | 2 | 8 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 |

Вид работа | Идентификационен број (ЕМБС) | Резервни кодекси

Назив на непрофитната организација, ____________Здружение ЗАЕДНО ПОСИЛНИ Скопје_____

Седиште, ул. Васко Карајанов бр. 2-4 Скопје

## БИЛАНС НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ

во периодот од 01.01.2019 до 31.12.2019 година

(во денари)

| Ред. број | ПОЗИЦИЈА | Ознака за АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Претходна година | Тековна година |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | I. РАСХОДИ МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА (202 до 210 ) | 201 | 1161101 | 1561808 |
| 1. | Потрошени материјали | 202 | 97536 | 182557 |
| 2. | Потрошена енергија | 203 | 63033 | 63443 |
| 3. | Други услуги | 204 | 538595 | 783979 |
| 4. | Превозни - транспортни услуги | 205 | 252471 | 86026 |
| 5. | Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација | 206 | | 126672 |
| 6. | Амортизација | 207 | | |
| 7. | Набавна вредност на продадените материјали, стоки и услуги | 208 | | |
| 8. | Наемнини | 209 | 276039 | 265256 |
| 9. | Други материјални расходи | 210 | 99553 | 53875 |
| | ДРУГИ РАСХОДИ ( 212 до 221) | 211 | 3386657 | 4506904 |
| 10. | Провизија за платниот промет | 212 | 52519 | 59230 |
| 11. | Камати на кредити и заеми | 213 | | |
| 12. | Премии за осигурување | 214 | | |
| 13. | Дневници за службено патување и патни трошоци | 215 | 266382 | 145997 |
| 14. | Надоместоци на трошоците на работниците и граѓаните | 216 | | |
| 15. | Негативни курсни разлики | 217 | 4776 | 2001 |
| 16. | Членарини | 218 | | 75 |
| 17. | Други расходи | 219 | 2095237 | 1555550 |
| 18. | Издатоци за меѓународна соработка | 220 | | |
| 19. | Пренесени средства | 221 | 967743 | 2744051 |
| | КАПИТАЛНИ И ДРУГИ СРЕДСТВА ( 223 +224+225) | 222 | 53391 | 24662 |
| 20. | а) Средства за градежни објекти | 223 | | |
| 21. | б)Средства за опрема | 224 | 53391 | 24662 |
| 22. | в)Други капитални средства | 225 | | |
| | ПОМОШТИ, ДОНАЦИИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ (227+ 228 +229) | 226 | 164010 | 83853 |

| Ред. број | ПОЗИЦИЈА | Ознака за АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Претходна година | Тековна година |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 23. | а) Помошти, донации и други давања на правни субјекти | 227 | 2010 | |
| 24. | б) Надомести и помошти на физички лица | 228 | 162000 | 83853 |
| 25. | в) Други помошти и давања | 229 | | |
| | ПЛАТИ И НАДОМЕСТ НА ПЛАТИ (231 + 232) | 230 | 2573670 | 2774978 |
| 26. | а) Вкалкулирани плати | 231 | 2573670 | 2774978 |
| 27. | б) Вкалкулирани надомести | 232 | | |
| 28. | Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот | 233 | | 930 |
| 29. | Вонредни расходи | 234 | | |
| | ВКУПНО РАСХОДИ ( 201+ 211+ 222 + 226 + 230 + 233+ 234) | 235 | 7504955 | 8953135 |
| 30. | Остварен вишок на приходи--добивка пред оданочување (250 минус 235 )ако 250 >235 | 236 | 1253867 | 2394071 |
| 31. | Даноци, придонеси и други давачки од добивката | 237 | 408 | |
| 32. | Остварен нето вишок - добивка по оданочувањето ( 236 минус 237) | 238 | 1253459 | 2394071 |
| 33. | Вкупно ( 235 + 236) или ( 235 + 237) ако 237 е поголемо од 236 = 252 | 239 | 8758822 | 11347206 |
| | ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА НА ПРОИЗВОДИ, СТОКИ И УСЛУГИ (241+242) | 240 | | |
| 34. | Приходи од продажбата на производи и стоки | 241 | | |
| 35. | Приходи од услуги | 242 | | |
| 36. | Приходи од камати и позитивни курсни разлики | 243 | | 14251 |
| 37. | Приходи од членарини, подароци, Донации и приходи од други извори | 244 | 8118759 | 10064913 |
| 38. | Приходи од кирии и закупнини | 245 | | |
